РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РАНКОВЦЕ
БР. 08-167/1
11-03-2011 ГОД.
РАНКОВЦЕ

ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
ЧИСТ ДЕН
БР. 02-51/1
11-03-2011 ГОД.
РАНКОВЦЕ

# ДОГОВОР

## за користење на депонија за депонирање на неопасен отпад

Склучен помеѓу:

1.**Општина Ранковце,** со седиште во село Ранковце, застапувана од Градоначалникот на општината Орце Тодоровски, од една страна; и

2.**Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“** – Ранковце, со седиште во село Ранковце, застапувано од Директорот Воја Ристовски, од друга страна

**Член 1**

Предмет на овој договор е давање на користење на Локалната депонија за неопасен отпад на Општина Ранковце, ( со површина од 5.000,00 м2 , дел од КП 3394, во место викано Чомбардино за КО Ранковце), на Ј.К.П „ЧИСТ ДЕН“ – Ранковце, со седиште во село Ранковце, за депонирање на неопасен отпад.

**Член 2**

Општина Ранковце, како една договорна страна, е согласна да дозволи депонирање на неопасен отпад на депонијата од точка 1 на овој договор на Ј.К.П- „Чист ден“- Ранковце без надомест, а Ј.К.П- „Чист ден“- Ранковце како втора договорна стрна, се обврзува да собраниот неопасен смет го транспортира и депонира на депонијата од точка 1 на овој договор.

**Член 3**

Ј.К.П- „Чист ден“- Ранковце, при користење на депонијата е должн да постапува согласно Законот за отпад и другите важечки законски и подзаконски прописи на Република Македонија.

**Член 4**

Договорните страни се согласни евентуалните спорни прашања да ги решаваат спогодбено, а доколку тоа не е можно по спорните прашања ќе одлучи Советот на Општина Ранковце.

**Член 5**

Договор влегува во сила со денот на потпишувањето од двете договорни страни.

**Член 6**

Овој договор е составен од 4 (четири) примероци, од кои 2 (два) примероци за Општина Ранковце и 2 (два) примероци за Ј.К.П ЧИСТ ДЕН-Ранковце.

| | |
|---|---|
| **Опшштина Ранковце** | **Ј.К.П ЧИСТ ДЕН-Ранковце** |
| **Градоначалник** | **Директор** |
| **Орце Тодоровски** | **Воја Ристовски** |
| ------------------------------- | ------------------------------- |